РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 238/4
24.03 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 52 седница одржана на 04.03.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на студиската програма „Мехатроника", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС)„ на Технички факултет - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола**

1.Се акредитира студиската програма „Мехатроника", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Технички факултет - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со академски назив: Магистер по мехатроника / во меѓународен промет, академски назив: Master of Science in Mechatronics.
Научно - истражувачко подрачје: 2. Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.02 Електротехника, електроника и информациско инженерство, 2.03 Машинство, 2.11 Друго инженерство и технологии, (2.11.11 Мехатроника)
Научно – истражувачко област: 2.02.00.01 Електрични кола и процесирање на сигнали, 2.02.00.02 Електрични машини, трансформатори и апарати, 2.02.00.03 Електрични мерења и инструментација, 2.02.00.08 Електромашинство, 2.02.00.09 Електромоторни погони и автоматизација, 2.02.00.10 Електроника, 2.02.00.12 Електротехника, 2.02.00.15 Компјутерско инженерство, информатика и роботика, 2.02.00.18 Мехатроника 2.03.00.01 Производно инженерство, технологии и системи, 2.03.00.09 Автоматика, 2.03.00.13 Механика, 2.03.00.14 Мехатроника, 2.11.11.03 Моделирање и контрола на мехатронски системи, 2.11.11.07 Теорија на автоматска контрола, сензори и актуатори.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 10 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 14-1489/5-5 од 26.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Мехатроника", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Технички факултет - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-103/1-1 од 28.01.2026 година (наш бр. 08 - 238/1 од 29.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 48-та седницата одржана на 06.02.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 238/3 од 06.03.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и доапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 52-та седница одржана на 04.03.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски